Согласно член 39, алинеа 11 од Статутот на Нова социјалдемократска партија–НСДП, а во врска со член 25, Централниот одбор на НСДП донесе

ПРАВИЛНИК

за постапката, начинот и критериумите за кандидирање и избор на делегати за Петтиот Конгрес на НСДП, кандидати за Претседател на НСДП и кандидати за членови на Централниот и Надзорниот одбор на НСДП

I. Постапка и начин на избор

<u>Избор на делегати на Конгресот на НСДП</u>

Постапката за избор на делегати за Конгресот ќе се врши на следниот начин:

- Делегати на Конгресот на НСДП предлагаат Извршните одбори на Општинските Организации на НСДП.
- Листата на кандидати за делегати на Конгресот на НСДП, Извршниот одбор на Општинската Организација на НСДП ја доставува до Општинската Конференција, согласно утврдените критериуми за бројот на делегати по Општинските Организации.
- Делегати на Конгресот се и членовите кои по функција го формираат Конгресот согласно член 33 од Статутот на НСДП.
- При изборот на делегати на Конгресот на НСДП, Општинските Организации се должни да ги почитуваат статутарно предвидените обврски за 20% млади и 30% од обата пола.
- Избраните делегати Општинските Организации со записник ги доставуваат до Извршниот одбор на НСДП (Општинска организација, име и презиме, адреса на живеење, број на мобилен телефон и електронска пошта).

Кандидирање на Претседател на НСДП и членови на Централниот Одбор и Надзорниот Одбор на НСДП

- Постапката за кандидирање на Претседател на НСДП и членови на Централниот Одбор и Надзорниот Одбор започнува во Општинските Организации на НСДП со евидентирање на предлог-кандидати.

Самокандидирање

- Членовите на НСДП на Општинските Организации на НСДП имаат право до Извршниот Одбор на Општинската организација да достават и своја кандидатура за Претседател на НСДП, за член на Централниот Одбор и Надзорниот Одбор на НСДП, доколку ги исполнува утврдените критериуми и истата да ја образложи на седница на Општинската Конференција.

- Извршниот одбор на Општинската Организација на НСДП составува листа од сите евидентирани кандидати и ги доставува до Општинската Конферецијa со биографија на сите евидентирани кандидати.
- Предлог на кандидати за претседател на НСДП и членови на Ценрален Одбор и Надзорен Одбор, може да се евидентираат и на самата Конференција.
- Во случај Општинската Организација на НСДП да не може да организира Конференција, тогаш Извршниот Одбор на Општинската Организација на НСДП во проширен состав (членови Советите на општините и други функционери од локално ниво и членовите на Централниот Одбор од општинската организација) ќе изврши евидентирање на кандидатите за членови на органите на НСДП (Претседател, членови на Централниот и Надзорниот одбор).
- Листите од сите евидентирани кандидати се доставуваат до Извршниот Одбор на НСДП.
- Извршниот Одбор на НСДП предлага листа на кандидати за Претседател на НСДП и членови на Централниот Одбор и Надзорниот Одбор на НСДП.

- Централниот Одбор ги утврдува предлог-листите за претседател на НСДП, членови на Централниот и Надзорниот Одбор и ги предлага на конгресот.

II. Критериуми за кандидати за членови на Централниот Одбор и Надзорниот Одбор на НСДП

За можни кандидати за членови на органите на НСДП треба да се предлагаат лица кои:

1) уживаат јавен и професионален углед и авторитет;

2) ја имаат довербата на членството на НСДП;

3) за пошироката јавност да се препознатливи како луѓе кои дале значителен позитивен придонес во афирмацијата и реализацијата на политиката на НСДП;

4) со својата досегашна работа да имаат покажано евидентни позитивни резултати, препознатливи и за пошироката јавност;

5) со досегашното однесување да не го загрозиле својот личен, професионален, ниту пак партиски углед.

III. Кандидати за претседател на НСДП

Можни кандидати за Претседател на НСДП може да бидат лица кои:

1) Најмалку пет години да биле членови на НСДП.
2) Да изготват програма за организирање и водење на НСДП за четирите години од својот мандат (до следниот Конгрес).
3) Имаат право и можност својата програма да ја промовираат пред членството, но и пред пошироката јавност (со промоција на своите идеи во пишаните и електронските медиуми, како и на веб страницата на НСДП).

ЦЕНТРАЛЕН ОДБОР НА НСДП